# *Еднаков пристап до правда во сите сегменти на општественото живеење*

Изработила: м-р Ана Здравева

# *Цели за одржлив развој*

16.3 Промовирање на владеење на правото на национално и на меѓународно ниво, и да се обезбеди еднаков пристап до правда за сите



# *Правна рамка во која се спроведува БПП Устав на РСМ*

## 01

Уставот гарантира *право на еднаквост* на сите граѓани во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, како и еднаквост пред судот и законите.

## 02

Еднаквиот пристап до правда се гарантира и со можноста на секој граѓанин да се повика на заштита на своите слободи и права утврдени со УСтавот, пред судовите и пред УСтавниот суд на РСМ.

# *Правна рамка во која се спроведува БПП Универзална декларација за човекови права*

Ја гарантира слободата и еднаквоста во достоинството и правата, како и еднаквоста пред законот и еднаквата заштита без каква било дискриминација.

Член 8. Секој има право националните судови ефикасно да го заштитат од кршење на основните права кои му се признати со уставот и законот

# *Правна рамка во која се спроведува БПП Меѓународен пакт за граѓански и политички права*

- Гарантира еднаквост пред судовите и право на секое лице за праведна расправа пред надлежен, независен и непристрасен суд, како за кривичните, така и за граѓанските постапки во кои се одлучува за остварување на некое право или обврска

# *Правна рамка во која се спроведува БПП Конвенција за заштита на човековите права*

Право на правична судска постапка и фер судење “*Секој има правично и јавно , во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски...*”

Случај Airey v.Ireland - Конвенцијата е насочена кон *гарантирање на права кои не се теоретски и апстрактни, туку практични и ефективни. Државата не може да остане пасивна и има обврска да обезбеди ефективен пристап до правда.*

# *Закон за бесплатна правна помош од 2009 година*

*Недостатоци:*

- Недореченост на законскиот текст
- Слаба институционална поставеност
- Негова нефункционалност
- Неусогласеност со правните потреби на населението

# *Закон за бесплатна правна помош од 2019 година*

Новини:

- Проширување на опсегот на примарната правна помош
- Зголемени овластувања на овластените здруженија
- Проширување на кругот на даватели на примарна правна помош
- Воведување на нов начин за финансирање на давателите на примарната правна помош
- Финансиска помош за надомест на трошоци за вештачење, судски такси и процесни трошоци
- Олеснети услови кои мора да ги исполнуваат Барателите на БПП

# *Закон за бесплатна правна помош од 2019 година*

Недостатоци:

- Рестрективен во поглед на нотарски и извршни постапки, во делот на јавни и комунални услуги, надомест за нематеријална штета кога не постои тежок инвалидитет
- Финансирањето на примарната правна помош сеуште не функционира
- Потенцијална жртва на семејно насилство која не е евидентирана како таква во ЦСР нема можност да добие бесплатна правна помош за покривање трошоци во постапка пред суд за изрекување времени мерки.
- Потребно е усогласување на одредбите од ЗБПП со одредби од ЗПП во поглед на надомест на трошоци на парнична постапка доколку корисникот го загуби спорот.
- Ненавремено доставување на податоци кои подрачните одделенија ги побаруваат од другите државни органи кои располагаат со информации за материјална и финансиска состојба.

# *Заклучок:*

Од особено значење во процесот на спроведување на развојните цели е државите да посветат особено внимание на креирање политики и соодветно опкружување што ќе овозможи доследна имплементација на одржливите развојни цели.

Пристапот до правда е интегрален дел на меѓународните стандарди за човекови права и е содржана во меѓународни правни акти. Затоа државата треба да ги почитува преземените обврски, а не само формално да ги ратификува.

Притоа, особено внимание мора да се посвети на имплементацијата на потцел 16.3, односно да се земат предвид посебните потреби и проблеми на ранливите групи граѓани при нивниот пристап до правда.

Државата е должна да обезбеди ефективен систем на бпп и истиот да го доближи до граѓаните, со единствена цел – да ја оствари својата социјална улога и да обезбеди еднаков пристап до правда за сите.

# *Ви благодарам на вниманието!!!*